РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-3348/1
23-11-2026 г./v.

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 1 и 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 40-та седница одржана на 28.09.2026 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-2485/1 од 12.09.2025 година, со наводи за сомневања за незаконитости при прераспоредување на работно место на наставник во ООУ „----“ с. ----, СЕ ОТФРЛА поради тоа што нема основи за надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Пријавата да се достави на надлежно постапување до Министерството за образование и наука, Државен просветен инспекторат.

Предметот со бр. 12-2485/1 од 12.09.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител е поднесена пријава, заведена под бр. 12-2485/1 од 12.09.2025 година. Во пријавата подносителот наведува дека аплицирал за работно место наставник во ООУ „---- “ с. ----, кое било испразнето по пензионирање наставникот по албански јазик, но бил одбиен со образложение дека нема слободни часови по тој предмет, поради што изразува сомнежи дека пензионираниот наставник бил незаконски прераспореден.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Државната комисија по разгледувањето на пријавата констатираше дека истата не содржи наводи со сомнежи за корупција, туку подносителот укажува на неправилности во работењето на посоченото основно училиште, поради што нема основ за надлежно постапување согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од кои причини следуваше пријавата да ја отфрли.

Имајќи предвид дека согласно член 67 став 1 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството, а според став 2 од истиот член, инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот просветен инспекторат и овластените општински инспектори согласно со закон, Државната комисија предметната пријава ќе ја проследи на надлежно постапување на Министерството за образование и наука, Државен просветен инспекторат.

Претседател,
Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З. Советник
Контролирал: м-р Ј.Ц. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М. Член на ДКСК